Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија” бр. 58/00, 44/02, 82/08,167/10 и 51/11) и член 22 став 1 од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 42/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18), министерот за образование и наука ја донесе наставната програма по наставниот предмет ***музичка култура*** за **I (прва) година** од средното стручно образование со четиригодишно траење.

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

Наставна програма

# МУЗИЧКА КУЛТУРА

*модуларно дизајнирана*

**за I година**

*Сите образовни профили / квалификации*

*Сите струки / сектори*

Скопје, 2019 година

| | |
|---|---|
| **Назив на наставната програма** | Музичка култура |
| **Тип на наставна програма** | Задолжителна |
| **Кредитна вредност на наставната програма** | 2 (два) ЕЦВЕТ[1] кредити |
| **Струка** | Сите струки |
| **Сектор** | Сите сектори |
| **Образовен профил** | Сите образовни профили |
| **Назив и ниво на квалификација** | Сите квалификации<br><br>IV (четврто) ниво |
| **Година на изучување** | I (прва) |
| **Број на часови неделно/годишно за реализација на наставната програма** | 1/36 |
| **Цели на наставна програма** | Ученикот/ученичката да се стекне со знаења и вештини за:<br>- улогата и развојот на музиката низ историјата;<br>- активно слушање музика;<br>- препознавање на карактеристиките на различните епохи во слушаната музика; |

[1] Закон за Националната рамка на квалификации.

| | |
|---|---|
| | - основни карактеристики на музичката традиција и обичаите во Република Северна Македонија;<br>- основни сознанија за влијанието на музиката врз личноста.<br>Со изучувањето на наставниот предмет *музичка култура,* младиот човек ќе биде способен да зазема критички став правејќи јасна дистинкција помеѓу: музичките дела со уметничка/естетска вредност и наменската комерцијална музика. |
| **Модуларни единици на наставна програма** | • МУЗИКАТА НИЗ ИСТОРИЈАТА<br>• МУЗИЧКА ТРАДИЦИЈА И ОБИЧАИ<br><br>НАПОМЕНА: Наставникот секогаш може да направи свој избор на композиции за слушање, со цел постигнување на дадениот резулатат од учењето, соодветно на условите на учење. |
| **Материјално-технички и просторни услови** | За постигнување на целите на наставата по музичка култура неопходно е стручно осмислена и планирана примена на различни наставни средства како и опремен музички кабинет со следните наставни средства: музички систем, телевизор, ДВД, компјутер со соодветни програмски пакети со музички програми, Smart – табла, фонотека (збирка на аудио-видео ЦД), музички инструменти и др. За успешна и целосна реализација на наставната програма потребно е да се организираат и активности кои го менуваат местото на реализацијата на часот/часовите (институции на културата и други институции) каде учениците ќе посетуваат настани: концерт, опера, балет и други музички настани. Пример посета во Македонска филхармонија, Македнонсака опера и балет, Национална установа Ансамбл за народни игри и песни „Танец“ или други културно уметнички друштва и други културни установи. |
| **Норматив на наставен кадар** | Наставата по предметот *музичка култура* може да ја изведува лице кое завршило:<br>- студии по музичка уметност – оддел за музичка теорија и педагогија, VII/1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС;<br>- студии по музичка уметност, други оддели, VII/1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС, и со стекната педагошко-психолошка и методска подготовка на акредитирана високообразовна установа. |

| | Модуларна единица 1. МУЗИКАТА НИЗ ИСТОРИЈАТА (24 часа) | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Ред. број** | **Резултати од учење** | **Содржини и поими** | **Активности и методи** | **Критериуми на оценување*** |
| 1 | **Ученикот/ученичката ќе биде способен/а да:**<br><br>- објаснува за местото и улогата на музиката во општеството;<br>- дискутира за влијанието на музиката врз човекот и неговото расположение; | **Местото и улогата на музиката во општеството**<br><br>**Поими:**<br>-автор/композитор<br>-изведувач<br>-публика<br>-музички настани | **Активности:**<br>-Дискусија за местото и улогата на музиката во општеството;<br>- Дебатирање за влијанието на музиката врз човекот и неговото расположение преку слушање музика.<br><br>**Методи:**<br>▪ дијалошка или метод на разговор (после слушаната музика следи дискусија, дијалог, разговор)<br>▪ презентација. | **Ученикот/ученичката може да:**<br><br>1.1 објаснува за местото улогата на музиката во општеството;<br>1.2 се изразува со сопствени зборови за влијанието на музиката во животот на младите;<br>1.3 дискутира за слушаната музика за развивање на различни чувства кои се предизвикани од истата. |
| 2 | - објаснува за ренесансната музика преку споредба со ликовните ренесансни дела;<br>- прави разлика меѓу световна и духовна музика;<br>- дискутира за претставниците на | Музички епохи:<br>**Ренесансна музика**<br>-Џовани Пјерлуиџи де Палестрина<br>-Орландо ди Ласо | **Активности:**<br>- слушање музика: „Matona mia cara“<br>(разговор за слушаното музичко дело).<br>-разговор за појавата на ренесанса | 2.1.наведува податоци за појавата на ренесанса музика и прави споредба со ренесансни ликовни дела;<br>2.2. набројува основни карактеристика за |

*Внесени се стандарди/индикатори за постигнување на резултатите од учењето врз основа на кои се определуваат критериумите за оценување.

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | музичката ренесанса;<br>- ги препознава инструментите од ренесансата; | **Поими:**<br>-мадригал<br>-миса<br>-лаута<br>-оргули | музика и споредба со ликовните ренесансни дела(примена на ИКТ);<br>- запознавање со ренесансните инструменти и нивното препознавање преку примена на ИКТ<br>- проектна активност: изготвување албум на композитори и инструменти од ренесансата.<br><br>**Методи:**<br>▪ дијалошка или метод на разговор (после слушаната музика следи дијалог, дискусија со примена на ИКТ)<br>▪ презентација. | ренесансната музика;<br>2.3. ги образложува причините за настанувањето на духовната и световната музика;<br>2.4. дава краток осврт за животот и делата на композиторите од ренесансата; |
| 3 | - наведува податоци за музичкиот барок;<br>- објаснува за барокната музика;<br>- дискутира за претставниците на музичкиот барок;<br>- да направи споредба помеѓу животот и творештвото на - Јохан Себастијан Бах и Георг Фридрих Хендл<br>- ги препознава аудитивно и визуелно инструментите од барокот; | **Барокот во музиката**<br>-Јохан Себастијан Бах<br>-Георг Фридрих Хендл<br><br>**Поими:**<br>-фуга<br>-ораториум<br>-чембало<br>-виолина | **Активности:**<br>- слушање фрагменти од:<br>Ј.С.Бах „Токата и фуга во d-moll"<br>Г.Ф.Хендл, ораториум „Месија"(„Алелуја")<br><br>- разговор за појавата на барокот и и споредба со ликовните барокни дела (примена на ИКТ);<br>-споредба помеѓу животот и творештвото на - Јохан Себастијан Бах и Георг Фридрих Хендл;<br>- дискутира за сериозна и комична опера; | 3.1.наведува податоци за појава на музичкиот барок;<br>3.2.опишува за појавата на барокната музиката преку споредба на ликовните барокни дела;<br>3.3. слуша активно и да дискутира за преставниците на музичкиот барокот (краток осврт за животот и творештвото на композиторите и споредба на животот и творештвото на Бах |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | - проектна активност: изготвување албум на композитори и инструменти од барокот.<br><br>**Методи:**<br>▪ дијалошка или метод на разговор (после слушаната музика следи дијалог, дискусија со примена на ИКТ)<br>▪ презентација. | и Хендл);<br>3.4. дискутира за појавата на операта (сериозна и комична опера) преку примена на ИКТ;<br>3.5. прави разлика на инструментите од ренесанса и барокотот. |
| 4 | - објаснува за улогата на музиката во класицизмот;<br>-дискутира за претставниците на музичкиот класицизам (Хајдн, Моцарт и Бетовен);<br>- ги препознава инструментите од епохата на класицизмот (аудитивно и визуелно);<br>- дискутира за појавата на симфонијата; | **Класицизам:**<br>-Франц Јозеф Хајдн<br>-Волфганг Амадеус Моцарт<br>-Лудвиг ван Бетовен<br><br>**Поими:**<br>-симфонија<br>-симфониски оркестар | **Активности:**<br>**Слушање музика**-фрагменти:<br>Франц Јозеф Хајдн: Фрагмент од гудачки квартет<br>-Волфганг Амадеус Моцарт -Арија од операта „Волшебната флејта“<br>-Лудвиг ван Бетовен (петта симфонија, I став).<br><br>- дискусија за појавата на музичкиот класицизам<br>- шема на поставка на симфонискиот оркестар<br>- уредување на пано за животот и творештвото на комозиторите од овој период | 4.1. наведува причини за настанувањето на промените кои доведуваат до појава на Класицизмот;<br>4.2. објаснува за животот и творештвото на преставниците на музичкиот класицизам;<br>4.3. прави споредби помеѓу тројца претставници на музичкиот класицизам: Хајдн, Моцарт и Бетовен;<br>4.4. објаснува за симфонија и симфониски оркестар. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | - проектна активност: изготвување албум на композитори и инструменти од класицизмот.<br><br>**Методи:**<br>▪ дијалошка или метод на разговор (после слушаната музика следи дијалог, дискусија со примена на ИКТ)<br>▪ презентација | |
| 5 | - наведува карактеристики за музичкиот романтизам;<br>- објаснува за музиката во романтизмот;<br>- ги набројува претставниците на музичкиот романтизам;<br>- ги препознава изведувачките состави од епохата на романтизмот;<br>-дискутира за појавата на соло песната и симфониската поема; | **Музички романтизам**<br>-Франц Шуберт<br>-Беджих Сметана<br>-Петар Илич Чајковски<br><br>**Поими:**<br>-соло песна<br>-симфониска поема<br>-концерт<br>-балет | **Активности:**<br>-**Слушање музика:**<br>Франц Шуберт - „Аве Марија“<br>Беджих Сметана, симфониска поема „В’лтава“ и други дела по избор на наставникот<br>- излагање/разговор за појавата на музичкиот романтизам<br>- проектна активност: изготвување албум на композитори и инструменти од музички романтизам.<br><br>**Методи:**<br>▪ дијалошка или метод на разговор (после слушаната музика следи дијалог, дискусија со примена на ИКТ) | 5.1 .ги наведува карактеристиките на музиката во периодот на Музичкиот романтизам;<br>5.2. ги набројува претставниците на музичкиот романтизам преку аудио-визуелни извори;<br>5.3. ги објаснува основните карактеристики на соло песната, симфониската поема, концертот и на балетот. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | ▪ презентација. | |
| 6 | - наведува карактеристики за операта во романтизмот;<br>- објаснува за содржината на операта во романтизмот;<br>- препознава фрагменти од оперското творештво во романтизмот;<br>- да дискутира за карактеристиките на опера и оперета;<br>- ги набројува претставниците на операта во романтизмот; | **Операта во романтизмот и нејзини претставници**<br>-Џузепе Верди<br>-Џоакино Росини<br>-Рихард Вагнер<br>-Жорж Бизе<br><br>**Поими:**<br>-увертира<br>-арија | **Активности:**<br>**Слушање музика**-фрагменти:<br><br>Џузепе Верди:„Аида“ – триумфален марш<br><br>Џоакино Росини: увертира„Севилскиот бербер“<br><br>Рихард Вагнер: опера„ Валкири“-танцот на Влакирите<br><br>Жорж Бизе:„Кармен“<br><br>- излагање/разговор за појавата на музичкиот романтизам<br>-дебатирање за слушаните дела.<br><br>**Методи:**<br>▪ дијалошка или метод на разговор (после слушаната музика следи дијалог, дебата со примена на ИКТ)<br>▪ презентација. | 6.1. наведува кои се карактеристиките на операта во Романтизмот;<br>6.2. дискутира за улогата на увертирата, аријата и други делови од операта во романтизмот;<br>6.3. објаснува за поимите увертира и арија;<br>6.4. раскажува за животот и творештвото на претставниците на операта во романтизмот. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 7 | - објаснува за појавата на Импресионизмот;<br>- наведува податоци за музичкиот импресионизам;<br>- дискутира за претставниците на музичкиот импресионизам;<br>- ги препознава музичките творби од епохата на импресионизмот;<br>- дискутира за поврзаноста на музичкиот и ликовниот импресионизам; | **Музички импресионизам и неговите претставници:**<br>-Клод Дебиси<br>-Морис Равел<br><br>**Поими:**<br>-арабеска<br>-болеро | **Слушање музика**-фрагменти:<br><br>Клод Дебиси – „Чиста месечина"<br>Морис Равел – „Болеро" - фрагмент.<br><br>**Активности:**<br>- дискусија за појавата на музичкиот импресионизам со интеграција преку ликовната уметност;<br>-анализа на слушаните дела.<br><br>**Методи:**<br>▪ дијалошка или метод на разговор (после слушаната музика следи дијалог, дебата со примена на ИКТ)<br>▪ презентација. | 7.1. објаснува за настанувањето и појавата на Импресионизмот преку ликовната уметност и литература;<br>7.2. наведува карактеристики на музиката во периодот на Импресионизмот;<br>7.3. раскажува за животот и творештвото на претставниците на музичкиот импресионизам;<br>7.4. објаснува за поимите арабеска и болеро;<br>7.5. учествува во дебата за слушаните дела. |
| 8. | - наведува податоци за музиката на XX век;<br>- дискутира за претставниците на музиката на XX век;<br>- ги препознава изведувачките состави во музиката на XX век; | **Музиката на XX век:**<br>- Игор Стравински:<br>- Карл Орф<br><br>**Поими:**<br><br>-**с**ценска кантата | **Активности:**<br>- Игор Стравински: „Посветување на пролетта"<br>-Карл Орф: „Кармина бурана" – О фортуна!<br>-запознавање со претставниците на музиката на XX век. | 8.1. ги набројува карактеристиките на музиката на XX век;<br>8.2. раскажува за животот и творештвото на претставниците од XX век;<br>8.3. анализира слушани дела на поставените прашања. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | **Методи:**<br>▪ дијалошка или метод на разговор (после слушаната музика следи дијалог, дебата со примена на ИКТ)<br>▪ презентација. | |
| 9. | - наведува податоци за првите музички дејци во Македонија;<br>- објаснува за собирањето на народната уметност и мелографирање;<br>- го препознава слуховно творештвото на првите музички дејци во Македонија; | **Првите музички дејци од Македонија**<br>Јован (Јан) Кукузел<br>Атанас Бадев<br>Наум Миладинов<br><br>**Поими:**<br>-литургија<br>-мелографирање | **Активности:**<br>Слушање музика – фрагменти по избор на наставник<br>- разговор за музиката во Македонија во доцниот XIX век со интеграција преку народната поезија и историја.<br><br>**Методи:**<br>▪ дијалошка или метод на разговор (после слушаната музика следи дијалог, дебата со примена на ИКТ)<br>▪ презентација. | 9.1. објаснува за карактеристиките на музиката на првите музички дејци во Македонија;<br>9.2. препознава вокална интерпретација на слушаните дела кај првите музички дејци во Македонија;<br>9.3. дискусија за зачувување на творештвото преку мелографирање на делата. |
| 10. | - набројува факти за музиката во Македонија во XX и XXI век;<br>-дискутира за претставниците на музиката во Македонија и композиторите од другите заедници во XX и XXI век; | **Музиката во Македонија во XX и XXI век**<br>Тодор Скаловски<br>Кирил Македонски<br>Трајко Прокопиев<br>Фатос Лумани<br>Вулнет Таири | **Активности:**<br>**Слушање музика** – фрагменти;<br>-Тодор Скаловски - „Македонско оро“;<br>-Кирил Македонски – „Цар Самоил“; | 10.1. објаснува за карактеристиките на музиката во Македонија во XX и XXI век;<br>10.2. дискутира за претставниците на музиката во Македонија и композиторите од другите |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | -дискутира за појавата на хорската музика, операта, балетот и други музички форми во Македонија во XX и XXI век. | **Поими:**<br>-хорска музика<br>-опера<br>-балет | -Трајко Прокопиев – „Лабин и Дојрана“;<br>-Фатос Лумани: „Концерт за пијано и оркестар“ (фрагменти)<br>-Вулнет Таири: Квинтет (фрагменти).<br>- излагање/презентација за животот и творештвото на композиторите во Македонија и композиторите од другите заедници од XX и XXI век.<br>- проектна активност: изготвување албум на претставниците на музиката во Македонија и композиторите од другите заедници во XX и XXI век.<br><br>**Методи:**<br>▪ дијалошка или метод на разговор (после слушаната музика следи дијалог, дебата со примена на ИКТ)<br>▪ аудио-визуелни извори на информации презентација. | заедници во XX и XXI век;<br>10.3. раликува преку аудио-визуелна презентација хорска музика, опера, балет и други видови на дела. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 11. | - ги набројува популарните жанрови во XX и XXI век;<br>- дискутира за поврзаноста на музиката и технологијата;<br>- дискутира за музичките субкултури;<br>- ги препознава етно елементите во популарните жанрови. | **Популарни жанрови и интрументи во XX и XXI век**<br><br>Музика и технологија<br>Мултимедија<br>Музички субкултури<br>Инструменти во модерната музика<br><br>Етно елементи во популарните жанрови<br><br>**Поими:**<br>-мултимедија<br>-субкултура<br>-џез<br>-блуз<br>-поп<br>-рок<br>-рап<br>-електронска музика<br>-електрична гитара<br>-синтисајзер<br>-тапани и др. | **Активности:**<br>- слушање композиции од популарните жанрови<br>- пеење по слух на слушаните примери<br>- разговор за популарната музика во XX и XXI век;<br>-дебата за појавата на различните стиловии жанрови во современата музика во XX и XXI век;<br>-интерпретира (пее/свири) познати композиции/рефрени од жанровите присутни во XX и XXI век.<br>- проектна активност: изготвување албум на композитори и инструменти од XX и XXI век.<br><br>**Методи:**<br>▪ дијалошка или метод на разговор (после слушаната музика следи дијалог, дебата со примена на ИКТ)<br>▪ презентација<br>▪ интерпретација | 11. 1. го објаснува поимот субкултура;<br>11.2. ја образложува целта на постоењето на музиката во субкултурите;<br>11.3. препознава композиции со етно елементи;<br>11.4. препознава и објаснува за примена на технологијата во музиката; |

| Модуларна единица 2. МУЗИЧКА ТРАДИЦИЈА И ОБИЧАИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ( 12 часа ) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Ред. број | Резултати од учење | Содржини и поими | Активности и методи | Критериуми на оценување* |
| 1 | **Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:**<br>- ги објаснува карактеристиките на музичката традиција и обичаи во Република Северна Македонија; | **Основни карактеристики на музичката традиција и обичаите во Република Северна Македонија**<br><br>**Поими:**<br>-традиција<br>-обичаи | **Активности:**<br>-Дискусија за основните карактеристики на музичката традиција и обичаи кај граѓаните на Република Северна Македонија, Македонскиот народ, како и граѓаните кои живеат во нејзините граници кои се дел од албанскиот народ, турскиот народ, влашкиот народ, српскиот народ, ромскиот народ, бошњачкиот народ и другите.<br>- Презентација на основните карактеристики на музичката традиција и обичаи кај граѓаните на Република Северна Македонија, Македонскиот народ, како и граѓаните кои живеат во нејзините граници кои се дел од албанскиот народ, турскиот народ, влашкиот народ, | **Ученикот/ученичката може да:**<br>1.1 ги препознава видовите на песните<br>1.2 ги набројува видовите на ората<br>1.3 објаснува за ритамот на песните и ората<br>1.4 ги разликува инструментите и составите<br>1.5 објаснува за музиката во обичаите кај граѓаните на Република Македонија, Македонскиот народ, како и граѓаните кои живеат во нејзините граници кои се дел од албанскиот народ, турскиот народ, влашкиот народ, српскиот народ, ромскиот народ, бошњачкиот народ и другите. |

* Внесени се стандарди/индикатори за постигнување на резултатите од учењето врз основа на кои се определуваат критериумите за оценување.

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | српскиот народ, ромскиот народ, бошњачкиот народ и другите.<br><br>- Проектна активност: изготвување албум на претставниците на музиката во XX и XXI век, **кај** граѓаните на Република Северна Македонија, Македонскиот народ, како и граѓаните кои живеат во нејзините граници кои се дел од албанскиот народ, турскиот народ, влашкиот народ, српскиот народ, ромскиот народ, бошњачкиот народ и другите.<br><br>**Методи:**<br>▪ дијалошка или метод на разговор (после слушаната музика следи дијалог, дебата со примена на ИКТ)<br>▪ презентација | |
| 2 | - објаснува за процесот на создавање, пренесување и поделбата на народната песна;<br>- разликува општи карактеристики на народната (изворна, староградска) песна; | **Народна песна**<br>(изворна, староградска)<br><br>**Новосоздадена народна песна**<br>(авторска и обнародена) | **Активности:**<br>- Аудио-видео презентација на народни и новосоздадени песни<br>- вокална интерпретација на народни и новосоздадени песни<br>- дискусија за содржината на народните песни | 2.1 разговора за карактеристиките на народната (изворна, староградска) песна;<br>2.2. интерпретира изворна, староградска, новосоздадена, народна песна (по избор на ученикот/ученичката); |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | - разликува новосоздадена народна песна (авторска и обнародена); | **Поими:**<br>-изворна песна<br>-староградска песна<br>-авторска песна<br>-обнародена песна<br>-новосоздадена песна. | -дебата за видовите на народни песни кај граѓаните на Република Северна Македонија, Македонскиот народ, како и граѓаните кои живеат во нејзините граници кои се дел од албанскиот народ, турскиот народ, влашкиот народ, српскиот народ, ромскиот народ, бошњачкиот народ и другите.<br><br>**Методи:**<br>▪ дијалошка или метод на разговор (после слушаната музика следи дијалог, дебата со примена на ИКТ)<br>▪ презентација | 2.3. разликува новосоздадена народна песна (авторска и обнародена);<br>2.4.ги идентификува песните според содржината и намената.<br>2.5. споредува народни песни кај граѓаните на Република Северна Македонија, Македонскиот народ, како и граѓаните кои живеат во нејзините граници кои се дел од албанскиот народ, турскиот народ, влашкиот народ, српскиот народ, ромскиот народ, бошњачкиот народ и другите. |
| 3 | - објаснува за поделбата на народните инструменти;<br>- ги препознава народните инструменти според начинот на изведба;<br>- направи споредба на народните инструменти по звучност; | **Народни музички инструменти и нивна поделба**<br><br>-**Ударни народни иструменти**<br><br>-**Дувачки народни инструменти**<br><br>-**Жичани народни инструменти** | **Активности:**<br>-Аудио – видео презентација на народни инструменти по избор на наставникот и ученикот<br>-разговор за начинот на изработка на народните инструменти и нивната примена<br>-изработка на албум на народни музички инструменти;<br>-разликува народни | 3.1 ги препознава народните инструменти;<br>3.2. објаснува за начинот на изработка на различни видови народни инструменти;<br>3.3. да прави споредба на народните инструменти по звучност;<br>3.4. ги разликува и споредува народните инструменти во различните народни традиции кај |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | **Поими**<br>- Тапан,<br>- Дајре,<br>- Тарабука<br>- Кавал,<br>- Гајда,<br>- Зурла<br>- Виолина (кемане)<br>- Канон<br>- Мандолина | инструменти, нивната застапеност во народната музика и различни народни традиции кај граѓаните на Република Северна Македонија, Македонскиот народ, како и граѓаните кои живеат во нејзините граници кои се дел од албанскиот народ, турскиот народ, влашкиот народ, српскиот народ, ромскиот народ, бошњачкиот народ и другите.<br><br>**Методи:**<br>▪ дијалошка или метод на разговор (после слушаната музика следи дијалог, дебата со примена на ИКТ)<br>▪ презентација | граѓаните на Република Северна Македонија, Македонскиот народ, како и граѓаните кои живеат во нејзините граници кои се дел од албанскиот народ, турскиот народ, влашкиот народ, српскиот народ, ромскиот народ, бошњачкиот народ и другите. |
| 4 | - објаснува за поделбата на народните ора;<br>- ги препознава народните ора според начинот на изведба;<br>- направи споредба на народните ора според начинот на играње; | **Ороводна народна традиција**<br><br>-народни ора;<br><br>**Поими**<br>- Ритам<br>- такт | **Активности:**<br>- Аудио-видео презентација на видови народни ора;<br>-разговор за начинот на изведба на ората;<br>-дискусија за ороводната народна традиција кај граѓаните на Република Северна Македонија, Македонскиот | 4.1 ги препознава народните ора;<br>4.2. објаснува за начинот на играње на различни видови народни ора;<br>4.3. слуша и прави споредба на народните ора по звучност;<br>4.4. дискутира за ората кај граѓаните на Република Северна Македонија, Македонскиот народ, како и граѓаните кои живеат во нејзините |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | народ,<br>како и граѓаните кои живеат во нејзините граници кои се дел од албанскиот народ, турскиот народ, влашкиот народ, српскиот народ, ромскиот народ, бошњачкиот народ и другите.;<br>- групна изведба на народни ора (по избор на учениците);<br>- изработка на албум на народни ора.<br><br>**Методи:**<br>▪ дијалошка или метод на разговор (после слушаната музика следи дијалог, дебата со примена на ИКТ)<br>▪ презентација | граници кои се дел од албанскиот народ, турскиот народ, влашкиот народ, српскиот народ, ромскиот народ, бошњачкиот народ и другите. |
| 5 | - препознава традиција и обичаи кај граѓаните на Република Северна Македонија, Македонскиот народ, како и граѓаните кои живеат во нејзините граници кои се дел од албанскиот народ, турскиот народ, влашкиот народ, српскиот народ, ромскиот народ, бошњачкиот народ и другите; | **Вредноста и значењето на традиционалната музика и обичаите**<br><br>**Поими:**<br>-Фолклор<br>-фестивал | **Активности:**<br>-Дебатирање за вредноста и значењето на традиционалната музика и обичаите преку:<br>Аудио-видео презентации на фолклорни фестивали;<br>Мини проекти за традицијата и обичаите во Северна Република Македонија; | 5.1. дискутира за вредностите на музичката традиција и обичаите;<br>5.2. воочува културно и материјално богаство кај граѓаните на Република Северна Македонија, Македонскиот народ, како и граѓаните кои живеат во нејзините граници кои се дел од албанскиот народ, турскиот народ, влашкиот народ, српскиот народ, ромскиот народ, бошњачкиот народ |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | - споредува и дискутира за разликите и сличностите на традицијата и обичаите кај различни народи. | | -Нематеријалното културно наследство од Република Северна Македонија заштитено од УНЕСКО:<br>1. Обичајот „Четрсе“ од Штип<br>2. Копачката - социјално оро од с. Драмче, Пијанец<br>3. Гласоечко машко двогласно пеење од Долни Полог<br>4. Hidrellez, пролетно прославување кај Турците во Република Северна Македонија<br>5. Културни практики поврзани со 1 март (Мартинки)<br><br>**Методи:**<br>▪ дијалог или метод на разговор (после слушаната музика следи дијалог, дебата со примена на ИКТ) | и другите;<br>5.3.презентира мини проекти за традицијата и обичаите во Република Северна Македонија;<br>5.4.наброи примери за Нематеријалното културно наследство од Република Северна Македонија заштитено од УНЕСКО. |

| | |
|---|---|
| Оценување на постигањата на учениците | Во текот на наставата редовно се следат и вреднуваат постигањата на учениците, се прибираат показатели за нивните активности, мотивираноста за музичко изразување, ангажираноста на учениците, посветеноста во работата, како и тимската работа. При следењето на постигањата на учениците, наставникот треба особено да внимава на индивидуалниот пристап во постигањата на секој ученик.. Континуирано ги следи, проценува и оценува активностите, креативноста на ученикот и инплементацијата на неговите знаења, однесувањето на ученикот и постигнатите резултати во областа на знаењата и умеењата и позитивните промени во карактерот на личноста на ученикот. За проверка на постигањата на резултатите од учење ќе се користат усни и писмени проверувања, наставни листови (проверка на тема) и други средства, постапки и методи, пр. инструменти за вреднување (чек листи, дескриптивна скала, аналитичка и др.), повратна информација (усна и писмена), и сл. Во текот на учебната година учениците се оценуваат најмалку со две оценки во текот на едно полугодие, а се утврдуваат со полугодишни и годишни оценки. Оценувањето на постигањата на учениците ќе биде со бројчана оценка (од 1 до 5). |
| Литература и други извори | Учебник и прирачници одобрени од Министерството за образование и наука и други извори на учење. |
| Почеток на имплементација на наставната програма | Учебна 2019/2020 година |
| Институција/<br>носител на програмата | Биро за развој на образованието (БРО) |
| Потпис и датум на донесување на наставната програма | бр. 13-4390/18<br>11.6.2019 година<br>МИНИСТЕР, с.р.<br>Dr. Arbër Ademi<br>______________________ |
| Датум на ревизија | |